РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УПРАВЕН СУД
СКОПЈЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SE VERIUT
GJYKATA ADMINISTRATIVE
SHKUP

**Су-07.бр.15/23-1**
**04.04.2023 година**
**С к о п ј е**

Судскиот администратор на Управниот суд на Република Северна Македонија, Ивана Смугреска, врз основа на член 36 став 1 од Законот за судска служба („Службен весник на РМ" бр.43/2014 … 235/2022), по спроведената постапката по објавениот Јавен Оглас бр.4/2022 од 22.12.2022 година за вработување на судски службеници на неопределено време, како и Предлогот на Комисијата за избор на судски службеници за работното место – Самостоен судски советник – Категорија Б, Ниво Б-1, заведен под Су-04.бр.0401-383/22-1 од 30.03.2023 година, на 04.04.2023 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

За работното место – Самостоен судски советник – Категорија Б, Ниво Б-1– 1 (еден) извршител, се избира кандидатот:

- **Јован Трпевски**

Решение за вработување со избраниот кандидат ќе се донесе по конечноста на оваа одлука.

**О б р а з л о ж е н и е**

Управниот суд на Република Северна Македонија, во дневните весници „Слободен печат" и „Koha", објави Јавен оглас бр.4/2022, за вработување на 6 (шест) судски службеници на неопределено време и тоа:

1. Самостоен судски советник – Категорија Б, Ниво Б-1– 1 (еден) извршител
2. Судски советник за постапување по претставки и предлози – Категорија В, Ниво В-1 – 1 (еден) извршител
3. Судски советник за јавни набавки – Категорија В, Ниво В-1 – 1 (еден) извршител
4. Советник – информатичар – Категорија В, ниво В-1–1 (еден) извршител
5. Судски референт – одделение за човечки ресурси – Категорија Г, ниво Г-3– 1 (еден) извршител
6. Помлад судски рефрент за обработка на документација – дактилограф – Категорија Г, ниво Г-4– 1 (еден) извршител

По спроведената постапка за селекција за вработување, за работното место – Самостоен судски советник – Категорија Б, Ниво Б-1– 1 (еден) извршител, согласно Законот за судска служба и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас,

формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата, на спроведување на административната селекција, на испитите, проверката на веродостојност на докази и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од катергоријата на работни места, како и други прашања во врска со постапката за вработување на судски службеници („Службен весник на РМ“ бр.236/2018), Комисијата за избор на судски службеници за вработување, за наведеното работно место, до Судскиот администратор на Судот достави Предлог на кандидати за вработување за работното место Самостоен судски советник – Категорија Б, Ниво Б-1, заведен под Су-04.бр.0401-383/22-1 од 30.03.2023 година, со кој предлог за наведеното работно место се предлага кандидатот Јован Трпевски.

Согласно со член 36 став 1 од Законот за судска служба, судскиот администратор односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор, во рок од пет дена по добивањето на предлогот на кандидати за вработување, е должен да донесе одлука за избор.

Имајќи ја предвид цитираната законска одредба, како и Предлогот на кандидати за вработување за работното место – Самостоен судски советник – Категорија Б, Ниво Б-1, заведен под Су-04.бр.0401-383/22-1 од 30.03.2023 година, Судскиот администратор на Судот одлучи како во изреката од оваа одлука.

**ДН:** **- сите кандидати од конечна ранг листа**
**- судска управа**
**- на интернет страницата на судот**
**- на огласна табла на судот**

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба во рок од 8 дена од денот на доставувањето на одлуката, преку овој суд до Советот на судска служба.

**СУДСКИ АДМИНИСТРАТОР**
**Ивана Смугреска**